Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11), Претседателот на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Скопски плански регион организира:

**ЈАВЕН УВИД**
**по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Нацрт – Регионалниот план за управување со отпад во Скопски регион**

Се информира јавноста и сите заинтересирани правни и физички лица од Скопскиот регион, (општините Аеродром, Арачиново, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Зелениково, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Петровец, Сарај, Сопиште, Студеничани, Центар, Чаир, Чучер Сандево и Шуто Оризари) дека во рамките на проектот **"Подготовка на документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски плански регион"** (EuropeAid / 136347 / IH / SER / MK)", финансиран од Европска Унија преку инструментот за предпристапна помош (ИПА) подготвен е Нацрт Регионален план за управување со отпад за Скопскиот плански регион за кој се спроведува постапка за Стратегиска оцена на животната средина, согласно одлуката од Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад бр. 0802-23/15 од 28.07.2016.

За таа цел на јавен увид објавуваме:

- *Нацрт – Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Скопски плански регион во електронска и печатена верзија на македонски јазик.*

Правните и физички лица и јавноста може да го достават своето мислење во врска со Извештајот, **во рок од 30 дена** од денот на објавувањето на Соопштението за јавен увид.

Печатените верзии од горенаведените документи може да се разгледаат во Центарот за развој на Скопски плански регион (Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Скопски плански регион), со седиште во Општина Гази Баба и во општинските канцеларии за ЛЕР во секоја општина поединечно. Електронската верзија на Извештаите може да се разгледа на веб страната на Центарот за развој на Скопски плански регион и веб страните на сите општини во Скопскиот регион.

**Јавниот увид ќе трае секој работен ден од 08:30 до 16:30 година, почнувајќи од 13.01 до 12.02 2017 година.**

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Лице за контакт: Розета Арсовска,** Центарот за развој на Скопски плански регион.
Е-маил: rozeta@skopjeregion.gov.mk, director@skopjeregion.gov.mk
Телефон за контакт: +389 2 3218 480

Вашите мислења и сугестии можете да ги доставите на следните е-маил адреси: rozeta@skopjeregion.gov.mk, director@skopjeregion.gov.mk или по пат на пишана достава до архивата на Центарот за развој на Скопски плански регион со седиште на ул. Беласица 2, Скопски Саем, кат 1, 1130 Скопје, како и во архивите на сите општини од Скопскиот плански регион.

Дополнително ќе биде објавена информација за местото, датумот и часот на одржување на јавна расправа за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведување на Регионалниот план за управување со отпад во Скопски плански регион.

Меѓуопштински одбор за управување со
отпад во Скопски плански регион
Претседател,
Коце Трајановски

Раководител на Центар за развој
на Скопски плански регион
Розета Арсовска